Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за бришење на имиња на инфраструктурни објекти**

1.Се прогласува Одлуката за бришење на имиња на инфраструктурни објекти, донесена на 45-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 02.03.2021 година.

2.Одлуката за бришење на имиња на инфраструктурни објекти, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-286/1** **Општина Ранковце**
**02.03.2021 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Ивица Тошевски, с.р.**

Врз основа на член 4, став 1 и член 8 став 1 од Законот за определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Службен весник на РМ” бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13 и 147/2015), член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) ), член 23 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15 и 4/19),Советот на општина Ранковце на седницата одржана на 02.03.2021година, донесе

**О Д Л У К А**
**за бришење на имињана инфраструктурни објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши бришење на имиња на инфраструктурни објекти кои што Општина Ранковце ги потврдила во 2009 година по барање на Централен регистар на Република Македонија и тоа:

1. Во населено место Криви Камен (Богданова маала, Сурличанска маала, Витанова маала, Мусина маала, Гарњинци маала и Завичкова маала).
2. Во населено место Милутинце (Црнкина маала, Чивачка маала, Туткова маала, Дрипунова маала и Буина маала).

3. Во населено место Опила (Котарина маала, Глог, Каваклија, Тараленска маала, Каишова маала, Пачаризова маала, Бабунци маала, Маковиште, Ѓаволци маала, Циганска маала, Војсинци, Мандарци маала, Ѓорговци, Грковци, Станковци маала, Штрци маала и Миражова маала).
4. Во населено место Отошница (Крстинска маала, Гаванска маала, Трајанова маала, Давидовска маала, Јушмерска маала, Моторочка маала, Роскина маала, Стојковска маала и Кара-Николска маала, Јужарска маала, Црцилска маала, Станковци, Мишаци, Чупаци, Коларци маала, Вукашиновци маала, Аначкови маала, Маљочка маала, Бошанска маала, Диминци маала, Пчеларска маала, Богоевци маала, Чуљковци маала, Кај школо, Бегови ливади, Мандраци маала, Депетковци, Боинци маала, Џукелци маала, Кортопелци маала и Стојкарци маала).
5. Во населено место Ранковце (Стар млин, Десетак, Козарско маало, Ќурчиска маала, Пилатска маала, Парчугова маала, Кампеш маала и Кокинце маала).
6. Во населено место Станча (Ружина маала, Станболици маала, Кулинци, Дупинска маала, Трајковска маала, Цветановска маала, Бучкинска маала и Митренска маала).

**Член 2**

Имињата на инафраструктурни објекти, наведени во член 1 се бришат затоа што потврдените имиња на инфраструктурни објекти не претставуваат инфраструктурни објекти, туку имиња на маали во населените места.

**Член3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-263/3**
**02.03.2021год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Горан Младеновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2020 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2020 година, донесен на 45-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 02.03.2021 година.

2. Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2020 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-286/2**
**02.03.2021 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Ивица Тошевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Советот на Општина Ранковце, на 45-та седница одржана на ден 02.03.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2020 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2020 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2020 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-263/4**
**02.03.2021 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Горан Младеновски, с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлуката за бришење на имиња на инфраструктурни објекти
2. Одлука за бришење на имиња на инфраструктурни објекти
3. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2020 година
4. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2020 година

/